## ЕВРОПСКА АСОЦИЈАЦИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА РАК НА ГРЛОТО НА МАТКАТА

Европската аоцијацијa за спречување на рак на грлото на матката подржува намалување на рак на грлото на матката во Европа со промовирање на информации и начини за превенција. Врз база на искуствата добиени од истражувања во клинички и јавни здравствени организации од Европа, асоцијацијата изготви:

**Летоци**

- Преглед (скрининг) за рак на грлото на матката
- Хуман папилома вирус (ХПВ) и рак на грлото на матката
- Следење и лекување на жени со абнормален резултат од ПАП тест
- Вакцинирање против ХПВ и рак на грлото на матката

**Брошури**

- Сé што треба да знаете за да избегнете рак на грлото на матката
- Сé што треба да знаете доколку имате абнормален резултат од ПАП тест

За дополнителни информации
Посетете го: www.ecca.info
Пратете прашање на: info@ecca.info


studiorum
Центар за регионални истражувања и соработка

Никола Парапунов бб, Комплекс Макотекс 1 кат,
1000 Скопје, Република Македонија
тел./факс: +389 2 3065 837, e-mail: office@studiorum.org.mk,
http://www.studiorum.org.mk


© ECCA 2006

terraVerde Photos : Getty Image / Stockbyte

## ПРЕГЛЕД (СКРИНИНГ) ЗА РАК НА ГРЛОТО НА МАТКАТА

- Ракот на грлото на матката (цервикален канцер) се развива во грлото на матката (цервикс), делот од матката кој се отвора кон вагината. Тој се појавува кога клетките на цервиксот ќе се променат и ќе почнат неконтролирано да растат.
- Целта на прегледот (скринингот) за рак на грлото на матката е да се пронајдат променетите клетки на грлото на матката во ран стадиум, кога можат да се отстранат и да не се развијат во рак на грлото на матката. Скринингот за рак на грлото на матката во моментот се врши со употреба на ПАП тест.
- Редовно треба да се прегледуваат сите жени на возраст од 20 до 65 години. Прегледот би требало да го вршите еднаш годишно.
- Денес е достапна вакцина, со што се намалува ризикот од рак на грлото на матката, но тоа не ја исклучува потребата за преглед. Заедно, прегледот и вакцинирањето ќе овозможат најефективна заштита против ракот на грлото на матката.


BASHH British Association for Sexual Health & HIV
BRITISH SOCIETY FOR COLPOSCOPY AND CERVICAL PATHOLOGY
uicc global cancer control
efc European Federation for Colposcopy
ECCA European Cervical Cancer Association




- Што е рак на грлото на матката?
- Зошто да се прегледате?
- Кој треба да се прегледа?
- Што е потребно да направите?
- Од што се состои прегледот?
- Нормален наод од ПАП тестот?
- Абнормален наод од ПАП тестот?
- Дали прегледот е веродостоен?

# ПРЕГЛЕД (СКРИНИНГ) ЗА РАК НА ГРЛОТО НА МАТКАТА

ECCA

## Што е рак на грлото на матката?

Ракот на грлото на матката (цервикален канцер) се развива во грлото на матката (цервикс), делот од матката кој се отвора кон вагината. Тој се појавува кога клетките на цервиксот ќе се променат и ќе почнат неконтролирано да растат.

Потребни се многу години променетите клетки од почетните стадиуми да се развијат во рак на грлото на матката. За среќа, раните стадиуми лесно се лекуваат. Но, заради тоа што не се манифестираат со јасни знаци или симптоми, тие може да се откријат само со преглед.




## Зошто да се прегледате?

Целта на прегледот за рак на грлото на матката е да се пронајдат променетите клетки на грлото на матката во ран стадиум, кога можат да се отстранат и да не се развијат во рак на грлото на матката. Лекувањето на понапредниот стадиум на ракот на грлото на матката е многу потешко и помалку успешно.

## Хуман папилома вирус (ХПВ) и рак на грлото на матката

Ракот на грлото на матката е предизвикан од одредени типови на хуман папилома вирус - ХПВ. Постојат повеќе од 100 типа на ХПВ, од кои околу 15 може да предизвикаат рак на грлото на матката. Најголемиот дел од возрасните во некој период од животот ќе имаат инфекција со ХПВ, но таа обично исчезнува спонтано без некои проблеми. Но доколку ХПВ не исчезне, тоа го зголемува ризикот за развивање на рак на грлото на матката.

Денес е достапна вакцина, со што се овозможува заштита на жените од двата најчести типа на ХПВ, тип 16 и 18, кои предизвикуваат околу 2/3 од сите случаи на рак на грлото на матката и многу абнормални наоди на ПАП тестот. Моментно достапните вакцини ќе бидат најефективни доколку се применат пред настанување на инфекцијата од ХПВ тип 16 или 18, но не може ефективно да штитат против сите типови на ХПВ. Затоа, иако вакцинирани Вие сепак би требало да одите на преглед. Заедно, прегледот и вакцинирањето ќе овозможат најефективна заштита против ракот на грлото на матката.

## Кој треба да се прегледа?

Редовно треба да се прегледуваат сите жени на возраст од 20 до 65 години.

Прегледот би требало да го вршите еднаш годишно. Доколку редовно се повторува, прегледот за рак на грлото на матката нуди најдобра заштита.

## Што е потребно да направите?

За да се прегледате треба да се јавите кај гинеколог. Прегледот треба да го направите во време кога немате менструација. Два дена пред ПАП тестот одбегнувајте интимни односи и не користете никакви средства ниту лекови во вагината.

## Од што се состои прегледот?

Прегледот (скринингот) за рак на грлото на матката во моментот се врши со употреба на ПАП тест. За време на безболниот и краток гинеколошки преглед лекарот нежно ќе земе примерок од клетките на грлото на матката со мала шпатула или четкичка. Овој примерок потоа се испраќа во лабораторија, каде микроскопски ќе се бараат евентуално променетите клетки.





## Нормален наод од ПАП тестот?

Повеќето жени ќе имаат нормален наод од ПАП тестот. Во тој случај ризикот за појава на рак на грлото на матката е многу низок и доволно е да се продолжи со редовни прегледи.

## Абнормален наод од ПАП тестот?

Некои жени ќе имаат абнормален наод. Тоа значи дека со ПАП тестот се најдени некои променети клетки од грлото на матката; вистинска реткост е веднаш да биде откриен ракот.

Во зависност од наодот, ќе Ви се советува некоја од следните постапки:

- да се повтори ПАП тестот после 3 до 6 месеци,
- да се направи тест за откривање на хуманиот папилома вирус (ХПВ), вирусот кој може да предизвика рак на грлото на матката,
- колпоскопија, постапка која му овозможува на Вашиот гинеколог подобро да го прегледа грлото на матката.

Некои промени треба да се отстранат за да не се развијат во рак. Тоа обично се прави со едноставна процедура, која може да се изведе и во гинеколошка ординација или амбуланта. Третманот ретко влијае на Вашиот сексуален живот или на можноста за раѓање деца.

## Дали прегледот е веродостоен?

Ниту еден преглед не е совршен, па така и ПАП тестот може да пропушти некои случаи на болеста. Ова е причина зошто треба редовно да се тестирате. Она што било пропуштено при првиот преглед, може да се утврди во наредниот, а пред болеста да има време да напредне.

Високо квалитетните и добро организирани скрининг програми се многу ефективни, но нема да ги спречат сите случаи на рак на грлото на матката.